Your complimentary use period has ended. Thank you for using PDF Complete.
Click Here to upgrade to Unlimited Pages and Expanded Features

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 24 ноември 2000
Скопје
Број 99 Год. LVI

Претплатата за 2000 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 50 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

3141.

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а

Тргнувајќи од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија;

Изразувајќи ја консензуалната определеност на сите политички партии во Собранието на Република Македонија за полноправно членство на Република Македонија во европските и евроатлантските интеграции;

Потврдувајќи ја определеноста за изградба на цивилно демократско општество базирано на принципите на пазарната економија, почитувањето на човековите права, граѓанските слободи и меѓуетничката толеранција и рамноправност;

Констатирајќи дека во завршна фаза е преговарачкиот процес што треба да доведе до потпишување на договор меѓу Република Македонија и Европската унија за стабилизација и асоцијација;

Поздравувајќи го најавеното потпишување на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската унија како уште еден чекор напред кон полноправно членство на Република Македонија во Унијата;

Потврдувајќи ја својата волја изразена во Декларацијата за развој на односите на Република Македонија со Европската унија од 4 февруари 1998 година;

Истакнувајќи го историското значење на претстојниот Загребски самит од 24 ноември 2000 година;

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 ноември 2000 година, донесе

### ДЕКЛАРАЦИЈА
### ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА НИВОТО НА ОДНОСИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Собранието на Република Македонија:

1. Ја истакнува цврстата решеност да ги насочи своите активности кон целта Република Македонија да стане полноправна членка на Европската унија.

2. Ја поддржува определбата на Владата на Република Македонија за парафирање и потпишување на Договор за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската унија, како важен чекор во стекнувањето полноправно членство во Унијата.

3. Ја поттикнува Владата на Република Македонија за преземање и интензивирање на активности кои ќе доведат до полноправното членство на Република Македонија во Европската унија што е стратегиска цел на нашата земја.

4. Во рамките на своите уставни надлежности Собранието на Република Македонија ќе даде целосен придонес во исполнувањето на обврските од овој Договор и ќе го динамизира и синхронизира процесот на усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската унија врз транспарентни основи. За таа цел, потребно е континуирано и заемно информирање меѓу Владата и Собранието на Република Македонија.

5. Укажува на потребата од подготовка од страна на сите надлежни органи и организации на планови и мерки за создавање атмосфера и дејствување на организиран начин пред парламентите и владите на земјите членки на Европската унија за што поскоро започнување на постапките за ратификација на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската унија.

6. Се залага за поттикнување на јавното мислење и јавната свест во Република Македонија за придобивките од нејзиното полноправно членување во Европската унија.

7. Ќе ги преземе сите потребни мерки што ќе й овозможат на Владата на Република Македонија во што пократок рок да достави барање за прием на Република Македонија за полноправно членство во Европската унија.

8. Оваа декларација ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4703/1
23 ноември 2000 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.